# Универзитетски гласник

*Издавач*
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје**

*Уредник*
*на издавачката дејност на УКИМ*
**проф. д-р Никола Јанкуловски, ректор**

*Уредник*
*на Универзитетски гласник*
**м-р Марија Маневска, генерален секретар**

*Лектор*
**Весна Илиевска Цветановска**

*Техничко уредување*
**Зоран Кордоски**
**м-р Елизабета Додевска**

**О Д Л У К А**
за плати, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје ...........................................................2

**О Д Л У К А**
за стекнување и распределба на вкупниот приход на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје ….................................9

Врз основа на член 2 од Правилникот за единствените основи за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 161/2010), Колективниот договор за високо образование и наука (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 102/2021) и член 58 од Статутот на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 450/2019 и 547/2021), Наставно-научниот совет на Факултетот, на 11. седница одржана на 17.12.2021 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за плати, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје,**
**Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со Одлуката за плати, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје (во понатамошниот текст: Одлука) се утврдуваат платите, надоместоците и додатоците на плата и другите надоместоци од сопствени приходи на вработените на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје (во понатамошниот текст: Факултет) од дополнителните средства од сопствени приходи.

**Член 2**

Вработениот на Факултетот има право на плата, надоместок на плата, надоместок на трошоци поврзани со работата и надоместок за вршење дополнителни работи и задачи кои не спаѓаат во редовните работни обврски, согласно со закон, Колективниот договор, актот за вработување, Правилникот за единствените основи за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (во натамошниот текст: Правилник) и оваа Одлука.

**Член 3**

На вработените им се исплатува плата еднаш месечно во паричен износ, на трансакциски сметки. Факултетот е должен да води евиденција на платите, додатоците и надоместоците на платите, како и на исплатените придонеси и додатоци од плата, а на вработениот да му издаде пресметковна листа за исплатена плата.

## II. ПЛАТА

**Член 4**

Платата на вработеното лице се состои од:

1. Основна компонента на плата, која се состои од:
   - основна бруто плата и
   - дел од плата за работен стаж
2. Исклучителна компонента на плата, која се состои од:
   - дел од плата за работна успешност и
   - додатоци и/надоместоци.

***Основна компонента на плата***

**Член 5**

За да стекне основна бруто плата, вработениот е должен во текот на 40-часовната работна недела, работните задачи, утврдени во актот за организација и систематизација на работните места, да ги извршува квалитетно, редовно, навремено и целосно.

**Член 6**

Платата на вработениот за работа со полно работно време не може да биде пониска од најниската плата утврдена со закон, Колективниот договор, Правилникот и оваа Одлука.

Најниската плата за најнизок степен на сложеност (најниска плата) ја утврдуваат и ја објавуваат Владата на Република Северна Македонија и Синдикатот.

**Член 7**

На Факултетот се утврдени следниве групи на сложеност на работните задачи:

За лицата избрани во наставно-научни и соработнички звања (наставен кадар):

- I група на сложеност – асистент докторанд, асистент, стручен соработник;
- IV група на сложеност - доцент, вонреден професор и редовен професор, или по категори:

а) Категорија А - наставно-научни звања:
- ниво А1 - редовен професор,
- ниво А2 - вонреден професор,
- ниво А3 - доцент.

б) Категорија В - соработнички звања:
- ниво В1 – асистент.

в) Категорија Г – друг соработнички кадар
- ниво Г1 – виш лаборант,
- ниво Г3 – лаборант.
2. За вработените во Стручната и административна служба (ненаставен кадар):
- I група на сложеност – основно образование, односно НК-работник;
- II група на сложеност – средно образование;
- III група на сложеност – VI Б или више образование;
- IV група на сложеност – VI А или високо образование,

или по нивоа/категории:

а) Категорија А
- ниво А2.
б) Категорија Б
- ниво Б4.
в) Категорија В
- ниво В1,
- ниво В2,
- ниво В4.
г) Категорија Г
- ниво Г1.
3. За помошно-технички кадар на Факултетот:
а) Категорија А1
- ниво А1 - подгрупа 1,
- ниво А1 - подгрупа 2,
- ниво А1 – подгрупа 3,
- ниво А1 – подгрупа 5.

**Член 8**

Основната компонента на плата се исплаќа од основниот Буџет на Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија во согласност со Колективен договор за високо образование и наука (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 102/2021) (во понатамошниот текст: Колективен договор) за секое пополнето работно место во согласност со Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за земјоделски науки и храна –Скопје (во понатамошниот текст: Правилник за систематизација).

Коефициентот на сложеност на работните места за пресметување на основната бруто плата која се исплаќа од основниот Буџет на Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија започнувајќи со исплатата за месец септември 2021, односно септември 2022 година, се утврдува како што следува:

| **Назив на работно место/звање** | **Коефициент на сложеност** | | |
|---|---|---|---|
| | **Ниво** | **Од 1.9. 2021** | **Од 1.9. 2022** |
| Редовен професор/научен советник | А01 | 2,75 | 3,03 |
| Вонреден професор/виш научен соработник | А02 | 2,50 | 2,75 |
| Доцент/научен соработник | А03 | 2,32 | 2,55 |
| Асистент (со докторат) | В01 | 1,80 | 1,98 |
| Асистент и стручен соработник (лаборант и слично) | Г02 | 1,78 | 1,96 |
| Помлад асистент | В02 | 1,73 | 1,90 |

| Назив на работно место/звање | Коефициент на сложеност | | |
|---|---|---|---|
| | Ниво | Од 1.9. 2021 | Од 1.9. 2022 |
| Секретар на Факултетот | А02 | 1,86 | 2,15 |
| Раководител на одделение | Б04 | 1,63 | 1,70 |
| Советник | В01 | 1,62 | 1,68 |
| Виш соработник | В02 | 1,61 | 1,63 |
| Соработник | В03 | 1,60 | 1,62 |
| Помлад соработник | В04 | 1,59 | 1,61 |
| Самостоен референт | Г01 | 1,13 | 1,18 |
| Помошно-технички лица за кои е потребен ССС (хаусмајстор, телефонист, курир, возач, лаборант и др. помошно-технички кадар) | А1 | 1,05 | 1,10 |
| Помошно-технички лица со потребен најнизок степен на образование – ОО (хигиеничар, чувар и др. општи работници) | А1 | 1,00 | 1,05 |

***Групи на сложеност на работните места***

**Член 9**

Работните места, односно работните задачи на вработените лица се групираат во согласност со Правилникот за систематизација.

Доколку на работно место за кој е предвиден понизок степен на стручна подготовка е вработен, односно работи работник со повисок степен на стручна подготовка, платата му се пресметува и исплатува според коефициентот на сложеност за работното место.

***Мерила и критериуми за остварување основна бруто плата***

**Член 10**

Основната бруто плата на наставниот кадар на Факултетот со полно работно време се распоредува на:

1. Работни часови за вршење на работни активности на прв и втор циклус студии, и тоа за:

- предавања и вежби до 6 наставни часа неделно (настава, индивидуална настава, вежби, практична настава, теренска настава и сл.), односно максимум 180 наставни часа годишно;
- подготовка за изведување наставни часа – до 12 часа неделно;
- консултации со студенти – до 4 часа неделно;
- индивидуална работа со студенти (домашни задачи, семинарски работи, проекти и сл.) – до 8 часа неделно;
- континуирано оценување – до 4 часа неделно;
- проверка на знаења на студенти – до 20 часа годишно[1].

До исполнување на 40-часовната работна недела, наставниот кадар врши и други работи. Други работи на наставниот кадар за кои добива основна бруто плата се:

- вршење научноистражувачка работа;
- континуирано стручно и научно усовршување;
- учество во работата на органите на Факултетот (Наставно-научен совет, Деканатска управа, постојани комисии на Факултетот и наставно-научни колегиуми, Совет на трет циклус студии и сл.);
- други активности поврзани со наставно-образовниот процес.

2. Стручната и административна служба на Факултетот ја остварува основната бруто плата за полно работно време и нормален работен учинок во извршувањето на работите и работните задачи определени со Правилникот за систематизација.

**Член 11**

Наставно-научниот совет, пред

[1] Еден час завршна проверка на знаења е еквивалентен на испрашани 3 кандидати.

почетокот на секоја учебна година или семестар, утврдува преглед на ангажираност на наставниците и соработниците и други работни задачи.

*Дел од плата за работен стаж*

**Член 12**

Основната бруто плата на вработените се зголемува за 0,5 % за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20 %.

*Дел од плата за работна успешност*

**Член 13**

Делот од платата за работна успешност се исплаќа за:

1. вонредно и натпросечно оптоварување на вработениот;
2. зголемен обем на работа;
3. предвремено и квалитетно извршување на работите.

Под вонредно и натпросечно оптоварување на вработениот се смета замена на отсутен вработен поради користење на годишен одмор, замена на отсутен вработен поради боледување и/или породилно отсуство.

Зголемен обем на работа се исплаќа доколку вработениот е определен со решение од деканот, покрај работите од своето работно место, да заменува некој отсутен работник во извршувањето неопходни работи или да врши работи од непополнето работно место.

Предвремено и квалитетно извршување на работите се исплаќа во исклучителни ситуации, врз основа на одлука за еднократна исплата на надоместок за предвремено и квалитетно извршување на работните задачи донесена од деканот, во висина до 30 % од основната плата на вработениот.

**Мерила и критериуми за дел од плата за работна успешност**

**Член 14**

На вработениот може да му се исплаќа дел од плата за работна успешност во согласност со следниве критериуми:

- извршените работни задачи утврдени со актот за систематизација на работните места на Факултетот да се во обем поголем од 20 % од обемот што претставува просечен работен учинок;
- доколку работникот дал посебен придонес во подобрувањето на квалитетот на извршените работи.

**Член 15**

Делот од плата по основ за работна успешност во текот на месецот може да се зголеми најмногу до 30 % од основната плата, земајќи го предвид домаќинскиот однос, квалитетот и обемот на вршење на работата за која работникот го склучил договорот за вработување.

Делот од платата за работна успешност може да се исплати доколку за тоа има средства на сметката на Факултетот за таа намена.

**Член 16**

Исплатата се врши со решение на деканот, врз основа на одлука на Деканатската управа, по предлог на продекан, кој води евиденција за ангажираноста на наставникот и соработникот, односно од секретарот на Факултетот, кој ја следи работната успешност на вработените во Стручната и административна служба и помошно-техничките лица, како и врз основа на согледување на деканот.

Извештајот и решението се изготвуваат по завршувањето на месецот во кој се извршени работите.

*Додатоци и надоместоци на плата*

**а) Функционален додаток на плата**

**Член 17**

За вршење на раководни функции на Факултетот следува додаток за:

1. декан – 500 бода;
2. продекан – 300 бода;
3. раководител на институт – 100 бода.

Функционалниот додаток на плата се исплатува месечно од започнувањето на извршувањето на функцијата, па до нејзиното престанување.

Вредноста на бодот, во зависност од изворот на финансирање и расположливите финансиски средства, со одлука се определува од страна на Деканатската управа.

**б) Други додатоци и надоместоци на плата**

**Член 18**

Вработените лица имаат право на додаток на основната бруто плата за прекувремена работа, ноќна работа, работа во денови на празници и неработни денови, согласно со закон и Колективниот договор.

Средствата за додатоците опишани во став 1 од овој член се исплаќаат од основниот буџет на Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија.

**Член 19**

Вработените лица испратени од деканот или продеканите на службено патување имаат право на надоместок за службено патување, согласно со закон и Колективниот договор.

**Други надоместоци и примања**

**Член 20**

1) ***Вработените лица имаат право на надоместоци, и тоа:***

- надомест за одвоен живот од семејството;
- надомест во случај на смрт на вработеното лице или на смрт на член на потесното семејство на вработеното лице и за непрекинато боледување подолго од 6 месеци;
- надомест во случај на потешки последици од елементарни непогоди;
- надомест за остварување на правото на отпремнина за заминување во пензија.

Факултетот може да исплати од сопствени средства и поголема парична помош предвидена со закон и Колективниот договор од надоместоците во став 1, алинеја 2 и алинеја 3 на овој член, врз основа на доставено барање за парична помош со придружна документација и донесена одлука на Деканатската управа.

2) ***Надомест за годишен одмор (регрес)***

Вработените лица имаат право на надомест за годишен одмор (регрес) во висина најмногу до 60 % од просечната месечна бруто плата по работник во државата која важи на денот на донесување на одлуката за исплата.

Исплатата на регресот се врши доколку Факултетот има обезбедено средства од сопствени приходи, врз основа на претходно донесена одлука на Деканатската управа.

3) ***Надомест за јубилејни награди***

Вработените лица имаат право на надомест за јубилејни награди согласно со закон и со Колективниот договор, врз основа на претходно донесена одлука на Наставно-научниот совет.

Исплатата на јубилејна награда се врши доколку Факултетот има обезбедено средства од сопствени приходи.

## III. НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИ ПОВРЗАНИ СО РАБОТАТА

***Надоместоци за вршење на дополнителни работи и задачи кои не спаѓаат во редовни работни обврски***

**Член 21**

На наставниците и соработниците на Факултетот им се исплатува надомест за вршење на работи и задачи кои не спаѓаат во редовните работи и задачи, и тоа за:

- извршување работи за реализација на втор циклус студии;
- извршување работи за реализација на трет циклус студии;
- извршување работи за издавачка дејност;
- учество во работа на комисии, работни групи, тела и сл.;
- вршење работи на научноистражувачки проекти и стручно-апликативни услуги;
- изведување комисиски испити за проверка на знаењето;
- изведување настава на други факултети и научни институти на Универзитетот;
- изведување настава на други универзитети во земјата и во странство;
- изведување настава на Факултетот од други лица ангажирани согласно со актите на Универзитетот и Факултетот.

***Извршување работи за реализација на втор циклус и специјалистички студии***

**Член 22**

По одбивањето на материјалните трошоци за студиите (30 %) од вкупните приходи за втор циклус студии и материјалните трошоци за интегративните трошоци на Универзитетот, вкупниот останат приход за втор циклус се распределува во соодност 90 % за наставни активности и 10 % за раководење со студиите и стручно-административните работи на Факултетот.

За извршување работи за реализација на втор циклус студии, на наставниците за извршените наставни активности им се исплаќа надомест од уплатените средства на секој кандидат, и тоа:

- настава – 40 бода од час.
- индивидуална настава (настава за група на студенти помала од 5) – 25 бода од час.

Во последниот семестар се исплаќа надомест на следниов начин:

- **кога во студиската програма/модул, во последниот семестар е предвидена настава само од ментор**
  - надомест за ментор 100 бода
- **кога во студиската програма/модул, во последниот семестар е предвидена настава од ментор и наставници по други предмети**
  - надомест за ментор 70 бода
  - настава (еден или повеќе наставници) 30 бода

- **за преглед, оцена и одбрана на магистерски, стручен и специјалистички труд се исплаќа надомест на следниов начин:**
- надомест за ментор 50 бода
- надомест за член на комисијата 25 бода

Вредноста на бодот за наставните активности се утврдува индивидуално, за секој модул од студиската програма и секој семестар посебно, зависно од висината на уплатените парични средства во тековниот семестар (висина на уплатени средства по извршени одбитоци за материјалните трошоци на ФЗНХ, интегративни функции на Универзитетот и стручно-административните работи во сооднос со вкупниот број на бодови).

Ангажираните наставници, по завршувањето на семестарот, преку координаторите на студиските програми доставуваат извештај за реализираните наставни активности, што претставува основ за исплата на утврдениот надоместок.

Исплатата на средствата за наставата се врши по завршувањето на семестарот, додека исплатата на средствата уплатени за јавна одбрана на трудот се врши по завршената одбрана на магистерскиот или специјалистичкиот труд.

Исплата на надомест за раководење со студиската програма и стручно-административните работи на Факултетот се врши семестрално од средствата издвоени за таа намена на следниов начин:

- раководител на наставно-научен колегиум – 30 бода;
- раководител на совет на втор циклус студии – 30 бода;
- секретар на совет на втор циклус студии – 20 бода;
- Одделение за студентски прашања – 12 бода;
- Одделение за финансиско, сметководствено и материјално работење – 8 бода.

Одлука за учество на лицата од претходниот став во извршување на раководење со студиската програма и стручно-административните работи на Факултетот донесува деканот.

Вредноста на бодот за раководење со студиската програма и стручно-административните работи се утврдува индивидуално, за секоја студиска програма/модул и секој семестар посебно (висина на издвоени средства од уплатата согласно со став 1 од овој член во сооднос со вкупниот број на бодови предвидени за оваа намена).

***Извршување работи за реализација на трет циклус студии***

**Член 23**

За учество во организирање и реализација на трет циклус студии за наставниот и ненаставниот кадар, се исплаќа надомест со посебна одлука на Наставно-научниот совет, а во согласност со Правилникот за кофинансирање на трошоците за студирање на третиот циклус – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

***Надомест за издавачка дејност***

**Член 24**

За учество во работата и издавањето на меѓународното списание на Факултетот (JAFES), за секое издание на списанието на уредниците им се исплатуваат по 500 бода, по одлука за исплата на надомест донесена од Деканатската управа.

***Учество во работа на комисии, работни групи, тела и сл.***

**Член 25**

На членови на комисија, работна група, тело и сл., формирани(о) од орган на Факултетот, за изготвување нормативни акти, експертски анализи, стручни материјали и сл., спроведување јавни набавки, како и за други активности, им се исплаќа надомест во зависност од обемот и степенот на сложеност на работните задачи. Членови на комисија, работна група, тело и сл. можат да бидат наставно-научните и соработничките кадри и лица од Централната стручна и административна служба – Ректорат, Стручната и административна служба на Факултетот или други единици на Универзитетот, како и надворешни лица.

На член на комисија, работна група, тело и сл., во зависност од обемот и степенот на сложеност, му се исплаќа надомест во висина до 1000 бода.

Вредноста на бодот, во зависност од расположливите финансиски средства, со одлука се определува од страна на Деканатската управа.

Решение за утврдување на обемот и степенот на сложеност, како и решение за исплата на лицата за извршување на работите од став 1 на овој член, по доставен извештај донесува деканот.

***Вршење работи на научноистражувачки проекти и стручно-апликативни услуги***

**Член 26**

Надоместоците за вршење работи на научноистражувачки проекти и стручно-

апликативни услуги се исплаќаат со решение на деканот, по предлог на носителот (раководителот/ координаторот) на проектот и услугата и согласно со финансискиот план на проектот и услугата.

***Изведување комисиски испити за проверка на знаењето***

**Член 27**

За изведување комисиски испити за проверка на знаењето се исплаќа надоместок на претседателот и членовите на комисијата во висина од 10 бода, во бруто износ за секој испитан кандидат.

Вредноста на бодот, во зависност од расположливите финансиски средства, се определува со одлука од страна на Деканатската управа.

***Изведување настава на други факултети и научни институти на Универзитетот***

**Член 28**

Изведувањето настава на други факултети и институти во состав на Универзитетот се регулира врз основа на договор склучен помеѓу Факултетот и единицата на Универзитетот и одлуката за начинот на утврдувањето на цената на наставно-образовната дејност што се изведува на нематичните факултети и институти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

За изведување настава на други факултети и научни институти на Универзитетот, надоместоците им се исплаќаат на лицата според обемот на реализираната настава, односно 80 % од вкупниот приход од активноста.

***Изведување настава на други универзитети во земјата и во странство***

**Член 29**

За изведувањето настава и вежби на други универзитети во земјата и во странство, а по претходна добиена одлука од страна на Сенатот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Факултетот склучува договор со високообразовната институција, во кој, меѓу другото, се уредува и надоместокот за реализацијата.

***Изведување настава на Факултетот од други лица ангажирани согласно со актите на Универзитетот и Факултетот***

**Член 30**

На ангажиран наставник во насловно звање, истакнат стручњак од практиката, како и на пензиониран професор и соработник, може да им се исплаќа надомест за одржан час настава, односно учество во наставата.

Надоместоците од став 1 на овој член се исплатуваат врз основа на поднесен извештај од страна на учесниците во изведувањето на наставата, со решение на деканот на Факултетот, а согласно со Одлуката за начинот на утврдувањето на цената на наставно-образовната дејност што се изведува на нематичните факултети на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

**Член 31**

На лицата ангажирани како демонстратори, по одлука за избор од Наставно-научниот совет, може да им се исплатува надомест определен со посебна одлука од страна на Деканатската управа.

Со лицата од претходниот став, деканот склучува договор.

**Член 32**

На лицата од странство ангажирани како визитинг-наставници, по предлог-одлука од Наставно-научниот совет, за која одлука дава Ректорската управа/Сенатот, за извршување високообразовна дејност за одредено време, им се исплатува надомест определен со посебна одлука од страна на Деканатската управа.

Со лицата од став 1 на овој член, Факултетот склучува договор.

***Исплата на надометоци***

**Член 33**

Исплатата на надоместоците се врши откако од вкупните средства стекнати од соодветниот основ ќе се изврши распределба по намени согласно со важечката Одлука за стекнување и распределба на вкупниот приход на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје.

**Член 34**

Вредноста на бодот што ја утврдува Деканатската управа се пресметува во висина од најмногу 0,2 % од просечната месечна нето плата во државата.

Деканатската управа најмалку два пати годишно ја утврдува вредноста на бодот од став 1 на овој член.

## IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 35**

За сè што не е уредено со оваа Одлука се применуваат одредбите од Законот за работните односи, Колективниот договор,

актите на Универзитетот и другите прописи кои ја регулираат оваа материја.

**Член 36**

Со стапување во сила на Колективниот договор за високо образование и наука и оваа Одлука, работникот ја задржува основната компонента на бруто платата утврдена пред донесувањето на Колективниот договор и оваа Одлука, доколку е поповолна за работникот.

**Член 37**

Со стапувањето во сила на оваа Одлука, престануваат да важат: Одлуката за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје (пречистен текст), (Универзитетски гласник бр. 279/2014) и Одлуката на Наставно-научниот совет бр. 02-254/13 од 7.6.2021 година.

**Член 38**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетски гласник.

**Д е к а н**
**Проф. д-р Вјекослав Танасковиќ, с.р.**

Врз основа на член 110 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/2018 и Сл. весник на РСМ бр. 154/19) и член 58 од Статутот на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 450/2019 и бр. 547/2021), Наставно-научниот совет на Факултетот на земјоделски науки и храна во Скопје, на редовната седница одржана на 17.12.2021 година, ја донесе следнава

## О Д Л У К А
## за стекнување и распределба на вкупниот приход на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје

### I. Општи одредби

**Член 1**

Со оваа Одлука се уредуваат основите за стекнување и распределба на вкупниот приход на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (во понатамошниот текст: Факултет).

### II. Основи за стекнување на вкупниот приход

**Член 2**

Факултетот го стекнува вкупниот приход врз основа на:

- вршење образовни услуги на домашни и странски физички и правни лица (во понатамошниот текст: образовни услуги);
- вршење научноистражувачки услуги на домашни и странски физички и правни лица (во понатамошниот текст: научно-истражувачки услуги);
- вршење стручно-апликативни услуги на домашни и странски физички лица;
- други основи.

### III. Стекнување приход врз основа на вршење образовни услуги

***1. Стекнување приход врз основа на вршење образовни услуги на прв циклус***

**Член 3**

Факултетот стекнува приход врз основа на вршење образовни услуги на прв циклус студии од:

- Буџетот на Република Северна Македонија;
- приходи од партиципација, школарина и други надоместоци што ги плаќаат студентите надвор од партиципаци-јата, односно школарината;
- приходи од давање образовни услуги на други високообразовни институции во земјата и во странство;
- други извори.

Факултетот стекнува приходи од Буџетот на Република Северна Македонија врз основа на мерила и критериуми за финансирање на дејноста на Универзитетот и единиците во негов состав согласно со закон и другите прописи кои ја регулираат оваа материја.

Приходи од партиципација и школарина на студирањето се стекнуваат врз основа на Конкурс за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми на Факултетот што го објавува Универзитетот, согласно со Одлуката на Владата на РСМ за бројот на студентите за запишување во прва година на државните високообразовни установи.

Приходи од други трошоци за студирање на студентите на прв циклус студии се добиваат согласно со важечката Одлука за висината на надоместоците за извршени образовни и административни услуги што ги плаќаат студентите на Факултетот за

земјоделски науки и храна во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

Приходи од давање образовни услуги на други високообразовни институции се стекнуваат врз основа на важечките акти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (во понатамошниот текст: Универзитетот), важечките акти на Факултетот и договор што е склучен помеѓу Факултетот и високообразовната институција – корисник на услугата.

***2. Стекнување приход врз основа на вршење образовни услуги на втор циклус – магистерски студии***

**Член 4**

Факултетот стекнува приход врз основа на вршење образовни услуги на втор циклус студии на сите акредитирани студиски програми од школарината што ја уплаќаат физички и правни лица за реализација на тие студии.

Приходот од став 1 на овој член се стекнува врз основа на Конкурсот за запишување студенти на втор циклус студии, објавен од Универзитетот.

***3. Стекнување приход врз основа на вршење образовни услуги на трет циклус – докторски студии***

**Член 5**

Факултетот стекнува приход врз основа на вршење образовни услуги на трет циклус – докторски студии согласно со важечкиот Правилник за утврдување на износот на трошоците за студирање на третиот циклус студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

Приходот од став 1 на овој член се стекнува од школарината што ја уплаќаат студентите согласно со Конкурсот за запишување студенти на трет циклус студии – докторски студии на Универзитетот.

***4. Стекнување приход врз основа на вршење други видови образовни услуги***

**Член 6**

Факултетот стекнува приход врз основа на вршење други образовни услуги, и тоа:
- курсеви за стекнување специфични стручни знаења;
- форми за усовршување, дополнување, продлабочување и осовременување на знаењето кои не се прифатени за студии;
- перманентно образование;
- семинари, работилници, симпозиуми и сл.;
- други образовни услуги.

**IV. Стекнување приход врз основа на вршење научни услуги**

**Член 7**

Факултетот стекнува приход врз основа на вршење научноистражувачки услуги од:
- Буџетот на Република Северна Македонија, преку надлежните министерства, државни органи, агенции, организации и др.;
- физички и правни лица од земјата и од странство;
- меѓународни институции и организации;
- други извори.

**V. Стекнување приход врз основа на вршење стручно-апликативни услуги**

**Член 8**

Факултетот стекнува приход од вршење на стручно-апликативни услуги од:
- Буџетот на Република Северна Македонија, преку надлежните министерства, државни органи, агенции, организации и др.;
- органите на локалната самоуправа;
- физички и правни лица од земјата и од странство;
- други извори.

**VI. Стекнување приход по други основи**

**Член 9**

Факултетот стекнува приход и врз основа на:
- издавачка дејност;
- наемнини и закупнини;
- кредити и позајмици;
- камати и дивиденда;
- капитални добивки;
- субвенции, дотации, регреси и компензации;
- продажба на расходувани основни средства, ситен инвентар и др.;
- вонредни приходи;
- донации (легати, подароци, завештанија и прилози);
- други приходи.

**VII. Планирање на стекнувањето и распоредувањето на вкупниот приход**

**Член 10**

Факултетот до крајот на календарската година донесува Годишен финансиски план за вкупните приходи и нивното користење во наредната година (во понатамошниот текст: Годишен финансиски план).

Годишниот финансиски план се разработува според квартали, сметки, програми, потпрограми и ставки.

**VIII. Распределба на приходот**

**I. Општа распределба на вкупниот приход**

**Член 11**

Приходот од Буџетот за вршење образовни услуги на прв циклус универзитетски студии се распоредува за финансирање на дејноста на Факултетот во согласност со закон, Статутот на Универзитетот и другите акти на Универзитетот и Факултетот, и тоа за конкретната намена за која се доделени:

- материјални трошоци на работењето;
- нематеријални трошоци на работењето;
- амортизација;
- бруто плати, надоместоци на плата и надоместоци на трошоци што се поврзани со работа на лицата во работен однос на Факултетот;
- вонредни расходи во согласност со закон;
- друго.

Остварените приходи во тековната година, кои се наменети за реализирање на дејноста на Факултетот во наредната година, на крајот на фискалната година се пренесуваат за користење во наредната година.

**IX. Поединечна распределба на приходите од сопствени извори**

**Член 12**

За остварување на интегративните и другите фукнции на Универзитетот, од вкупните средства на Факултетот што се остварени од сопствени извори, се издвојува процентуален износ од приходите на сопствената сметка на Факултетот, во согласност со важечкиот Правилник за финансиските и материјалните прашања поврзани со средствата на интегративните функции на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје. Остатокот се распределува согласно со утврдените мерила во членовите од 13 до 21.

**Член 13**

Стекнатите приходи од партиципација на студирањето што ги уплаќаат студентите, во висина од 40 %, Факултетот ќе ги распределува за намени што се утврдени согласно со Законот за високото образование и важечките актите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

Останатите 60 % од приходите, стекнати од партиципација на студирањето, приходите стекнати од школарина што ги уплаќаат студентите на прв циклус универзитетски студии, како и приходите од трошоците за образовни услуги ќе се користат за остварување на дејноста на Факултетот, и тоа за:

- материјални трошоци на работењето;
- нематеријални трошоци на работењето;
- амортизација;
- бруто плати, надоместоци на плата и надоместоци на трошоци поврзани со работа на лицата во работен однос на Факултетот;
- за надоместоци за вршење дополнителни работи и задачи кои не спаѓаат во редовните работни обврски на лицата во работен однос со полно работно време на Факултетот;
- за надоместоци на надворешни стручни лица за вршење работи и задачи на Факултетот;
- вонредни расходи во согласност со закон;
- студентски стандард;
- друго.

**Член 14**

Приходите стекнати по основ на реализација на средства на втор циклус универзитетски студии се распределуваат согласно со важечката Одлука за плати, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителни средства од сопствени приходи на вработените на Факултетот.

**Член 15**

Приходите што се стекнати врз основа на образовни услуги за реализација на трет циклус – докторски студии ќе се распределуваат според одлука од Деканатската управа, а согласно со Правилник за утврдување на износот на трошоците за студирање на третиот циклус студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје и важечката Одлука за плати, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на вработените на Факултетот.

**Член 16**

Приходите што се стекнати по основ на образовни услуги за изведување настава на други високообразовни установи во рамките на Универзитетот и други високообразовни установи надвор од Универзитетот се утврдуваат и се распределуваат врз основа на важечките одлуки на органите на Универзитетот „Св.

Кирил и Методиј” во Скопје и важечката Одлука за плати, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на вработените на Факултетот.

**Член 17**

Приходите стекнати од вршење на научни услуги се распределуваат согласно со важечката Одлука за плати, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на вработените на Факултетот.

**Член 18**

Приходите што се стекнати врз основа на стручно-апликативни услуги: студии, елаборати, вештачења, мислења, експертизи и сл., како и други високообразовни услуги: курсеви за стекнување на специфични стручни знаења, форми за усовршување, дополнување, продлабочување и осовременување на знаењето кои не се сметаат за студии, перманентно образование, семинари, работилници, симпозиуми и сл., се распределуваат согласно со важечката Одлука за плати, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на вработените на Факултетот.

**Член 19**

Приходите стекнати од вршење стручно-апликативни услуги се распределуваат во соодност 20 % за Факултетот и 80 % за реализација на стручно-апликативните услуги.

Трошоците за реализација на стручно-апликативни услуги се исплаќаат со решение на деканот, по предлог на носителот (раководител/ координатор) на стручно-апликативната работа.

**Член 20**

Приходите стекнати од вршење стручно-апликативни услуги, а кои се финансираат од странски организации, се распределуваат согласно со член 19 на оваа Одлука.

Во случај доколку за стручно-апликативни услуги од став 1 на овој член не се предвидени режиски трошоци или, пак, тие се пониски од 20 %, Деканатската управа со посебна одлука ќе одлучи дали тие ќе се реализираат во висина на одобрениот износ како режиски трошок на проектот.

Трошоците за реализација на стручно-апликативни услуги се исплаќаат со решение на деканот, по предлог на носителот (раководител/ координатор) на стручно-апликативната работа.

**Член 21**

Приходите што се стекнати врз други основа на член 9 од оваа Одлука, остануваат на Факултетот за капитални и материјални трошоци согласно со одлуките на Декантската управа.

**X. Пренамена на приход**

**Член 22**

Доколку предвидените средства за определена намена не бидат искористени во тековната година, со одлука на Деканатската управа можат да се пренаменат со согласност на нарачателот на проектот или услугата.

**XI. Завршни одредби**

**Член 23**

Измени и дополнувања на оваа Одлука се вршат на ист начин и во постапка како и за нејзиното донесување.

**Член 24**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетски гласник.

**Член 25**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престануваат да важат одредбите на Одлуката за стекнување и распределба на вкупниот приход на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје (Универзитетски гласник бр. 279/2014).

**Д е к а н**
**Проф. д-р Вјекослав Танасковиќ, с.р.**